**ТоплификацијА АД - Скопје**

Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
СКОПЈЕ

| Примено: 29.05.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

**ИТНО!!! ИТНО!!! ИТНО!!!**

До: ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СКОПЈЕ

Оштетен: **Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија ТОПЛИФИКАЦИЈА АД СКОПЈЕ** со седиште на ул. Лондонска бр. 8 Скопје со ЕМБС 4061799 со ЕДБ 4030994122666 со електронско сандаче kontakt@toplifikacija.mk со тел. +38923097600 застапувано од претседателот на управен одбор Димитар Хаџи Мишев со ЕМБГ 2205954450021 со адреса на ул. Даме Груев бр. 1-1/1 Скопје - Центар

## КРИВИЧНА ПРИЈАВА

**ПРОТИВ**

1. **Вадим Михаилов** со ЕМБГ 71 2224242 со адреса на ул. Колцовскаја бр. 46а/стан 54 Воронешка област, Воронеж, во својство:
- Претседател на Управен одбор на Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје

2. **Снежана Сарџовска** од Скопје, со адреса на нотарска канцеларија на ул. Народен фронт бр.19 кат 01 лок. 21, 1000 Скопје во својство
- службено лице – Нотар, лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон

3. **Никола Арсовски** со ЕМБГ 2706967492504 со живеалиште на ул. Ограждден бр.1/2-2 Скопје - Карпош, во својство
- Адвокат, лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон, полномошник на Битар Холдинг Лимитед

4. **Васко Блажевски** од Скопје со адреса на канцеларија на Извршител на бул. Свети Климент Охридски, бр.66/1-1, во својство
-Извршител, лице кое врши јавни овластувања со закон

5. **Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје**, со седиште на ул.515 бр.8 Скопје, Гази Баба со ЕМБС 5950686 со ЕДБ 4030005535493 со електронско сандаче te-to@te-to.com.mk со тел.+38923203800

6. **БИТАР ХОЛДИНГС ЛТД** со седиште на Андреа Патсалиди 1 АСЕКА БИЛДИНГ 3-ти кат, стан/канцеларија 301, Агиос Дометиос, 2362, Никозија Кипар со бр. на Регистрација 331037

За сторено кривично дело од страна на погоре пријавените Злоупотреба на службената положба и овластување по чл.353 од КЗ вв Оштетување или повластување на доверители по чл.257 од КЗ на РМ

ЗАТОА ШТО : Постои основано сомнение за сторено кривично дело кое се гони по службена должност, а е предвидено по чл.353 и чл.257 од КЗ на РМ

Пријавените, по претходен заеднички договор во својство на службени и одговорни лица, со искористување на својата службена положба и овластување, постапувајќи, спротивно за ЗТД, законот за нотаријат, законот за извршување, законот за адвокатура, ги пречекориле овластувањата кои ги имале и ја искористиле околноста за што се овластени да постапуваат во дадена ситуација, со што овозможиле остварување на имотна корист за друг, Битар Холдинг ЛТД од Кипар, а на штета на останатите акционери и оштетениот Топлификација АД Скопје **во вкупен износ од 53.095.277,47 евра.**

Имено пријавениот Вадим Михаилов, во својство – Претседател на Управен одбор е на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, Снежана Сарџовска од Скопје, во својство службено лице – Нотар, лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон, Никола Арсовски од Скопје во својство на Адвокат, лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон, полномошник на Битер Холдинг ЛТД и Васко Блажевски од Скопје, во својство – Извршител, лице кое врши јавни овластувања со закон, во период периодот 2018 година со искористување на својата службена положба и овластување, постапиле на начин што, спротивно на ЗТД, **Законот за нотаријат, Законот за извршување, Законот за адвокатура**, ги пречекориле овластувањата кои ги имале и ја искористиле околноста за што се овластени да постапуваат во дадена ситуација, склучиле договори за долг, а потоа и извршни исправи без одлука од надлежен орган, со што овозможиле остварување на имотна корист за друг, Битар Холдинг ЛТД од Кипар, а на штета на останатите акционери во вкупен износ од 42 595 277.47 евра.

Потоа врз основа на така склучените договори помеѓу ТЕ-ТО АД и Битар Холдинг Лимитед (кој е сопственик односно мнозински акционер во ТЕ-ТО АД) односно, Спогодби за регулирање на права и обврски со клаузула на извршност – ОДУ.бр.85/18 од 23.02.2018год. на Спогодба за регулирање на права и обврски од 23.02.2018год. помеѓу ТЕ-ТО АД Скопје и Битар Холдинг ЛТД за долг на Битар Холдинг ЛТД спрема ТЕ-ТО АД Скопје во износ од 6.394.448,19 евра, ОДУ. бр. 79/18 од 23.02.2018год. на Спогодба за регулирање на права и обврски (со клаузула на извршност) од 23.02.2018год. помеѓу ТЕ_ТО АД Скопје и Битар Холдинг Лимитед за долг на Битар Холдинг Лимитед спрема ТЕ-ТО АД Скопје во износ од 18.275.000,00 евра, и ОДУ. бр. 78/18 од 23.02.2018год. на Спогодба за регулирање на права и обврски од 23.02.2018год. помеѓу ТЕ-ТО АД Скопје и Битар Холдинг ЛТД за долг на Битар Холдинг ЛТД спрема ТЕ-ТО АД Скопје во износ од 17.925.829,28 евра, при што сите Солемнизации доспеваат на ден 26.02.2018год., без да се изврши проверка дали страните се овластени за склучување на приватните исправи, блокирана е сметката на ТЕ-ТО АД Скопје и Вадим Михаилов (Претседател на УО на ТЕ-ТО АД Скопје) на ден 24.02.2018год., еден ден по солемнизирање на трите спогодби, поднел предлог до Основен суд Скопје 2 Скопје за отворање на стечајна постапка на ТЕ-ТО АД Скопје. По предлогот на ден 26.04.2018год., Основен суд Скопје 2 Скопје донел Решение 3 СТ-124/18 со кое се определуваат мерки за обезбедување на ТЕ-ТО АД Скопје, со што се оневозможува оштетената Топлификација АД Скопје да наплати правосилни и извршни пресуди во износ од 11.500.000,00евра.

Конечно за да ги оневозможат оштетените да ги остварат своите права Пријавениот Вадим Михаилов во својство на Претседател на УО без овластување од надлежен орган, НО, Собрание на акционери, (спротивно на чл.354 од ЗТД), поднел план за реорганизација на друштвото ТЕ-ТО АД во кој се врши отпис на обврски на штета на акционерите – Доверители, во износ од околу 120.000.000,00евра.

На погоре опишаниот начин, погоре Пријавените во својство на службени и одговорни лица, ја искористиле околноста за што се овластени да постапуваат во дадена ситуација, за остварување на корист, за друг Битар Холдинг Лимитед и ТЕ-ТО АД Скопје, а при тоа нанесуваат значителна штета на останатите акционери – Доверители, на АД ТЕ-ТО АД Скопје, во вкупен износ од 53.095.277,47евра, со што го сториле кривичното дело 353 ст1 вв цт.4 и ст.3 и чл.257 ст.2 вв ст.3 од КЗ на РМ.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Доколку се види сопственичката структура на ТЕ-ТО АД Скопје и поврзаните лица може да се види дека Битар Холдинг Лимитед од Кипар директно и индиректно е 89,2% е сопствени на ТЕ-ТО АД Скопје. Акционери кај ТЕ-ТО АД Скопје се Топлификација АД Скопје со 27 Акции или 10,8%, Битар Холдинг Лимитед од Кипар со 73 Акции или29,2% и Проџект Менаџмент Консалтинг од Британските Девствените острови со 150 Акции или 60%. Сопственик на Проџект Менаџмент Консалтинг е Битар Холдингс Лимитед, а Отворено Акционерско друштво Териториjал Генератинг Компани (ТГК-2) од Руската Федерација, е сопственик на Битар Холдинг Лимитед.

ТЕ-ТО АД Скопје како Акционерско друштво е регистрирано за производство на електрична и топлинска енергија со регистрирана приоритетна дејност 35.11 – според општата номенклатура за упис во трговскиот регистар.

Друштвото е основач/сопственик на две друштва ТЕ-ТО Трејд ДООЕЛ регистрирано со главна шифра 35.14 – Трговија со електрична енергија, со основачки влог од 5.000,00 евра и ТЕ-ТО Гас Трејд ДООЕЛ регистрирано, со главна приодна шифра 35.23 – Трговија на гас преку дистрибутивните системи со основачки влог од 5.000,00 евра.

За своето работење ТЕ-ТО АД Скопје покрај лиценцата за производство на електрична и топлинска енергија, поседува и лиценца за трговија со електрична енергија и лиценца за трговија со природен гас.

Исто така, треба да наспоменеме дека основач/ 100% сопственик на АД БЕГ Скопје е Битар Холдинг Лимитед од Кипар. Притоа лиценци за Регулирано производство на топлинска енергија, Дистрибуција на топлинска енергија и Снабдување со топлинска енергија поседуваат три ќерки фирми на БЕГ АД, три ќерки фирми кои се формирани со капитал од 5.000 евра , а кога добиваат лиценци за регулираните дејности немаат вработени и немаат капитал во топлификациониот систем.

<u>Од ова произлегува дека Битар Холдинг Лимитед од Кипар, преку фирмите кои ги има формирано во Р. Македонија поседува: Целосен монопол во производството, дистрибуцијата и снабдувањето со топлинска енергија, има значајно учество во производството и продажбата на електрична енергија (околу 30%) и контролира над 80% од пазарот на природен гас.</u>

Во текот градбата на ТЕ-ТО АД Скопје Топлификација АД има финансирано во градбата директно и преку кредити од банка обезбедени од Топлификација АД над 28 милиони евра. Од тоа над 21 милион евра се заеми кои Топлификација АД ги дала на ТЕ ТО АД во периодот на градба. Овие заеми се целосно достасани, а ТЕ ТО АД воопшто не почнал со намирување на овие долгови. Поради тоа се водат повеќе судски спорови помеѓу Топлификација АД Скопје и ТЕ-ТО АД Скопје. Како резултат на еден од овие спорови Првостепениот суд со пресуда 5ТС 212/16година го има усвоено тужбеното барање на Топлификација АД Скопје и го има задолжено ТЕ-ТО АД Скопје да исплати износ по главен долг 383.623.254,00 денари, а со законска камата вкупно околу 11.400.000 евра.

По вложената ревизија со Пресуда на Врховен суд Рев.бр.197/2017 од 27.12.2017 година тужбеното барање на АД Топлификација АД Скопје се усвојува и потврдува.

Потоа во наредниот период погоре посочените лица превземаат постапки кои имаат за цел да се оневозможи Топлификација АД Скопје да го наплати долгот и дополнително да се оневозможи да ги наплати и идните побарувања и додатно противправно да го присвојат целокупниот имот и капитал на ТЕ-ТО АД Скопје.

Имено по донесувањето на Пресудата Рев.1 бр.197/2017 од 27.12.2017 година на Врховниот Суд на Р. Македонија, ТЕ-ТО АД Скопје и Битар Холдинг Лимитед, спротивно на законот склучиле спогодби за исплата на долг со извршна клаузула пред започнување на извршувањето на извршната исправа на Топлификација АД и на тој начин оневозможиле да се реализира правосилна и извршна пресуда на Врховниот суд. Со превземените незаконити дејствија Битар Холдинг Лимитед го ставиле во поповолна положба, а од друга страна спречиле извршување на правосилна и извршна судска пресуда на Врховниот суд. Ваквата фактичка состојба согласно член 27 од ЗИ повлекува ништовност.

На ден 23.03.2018 година помеѓу ТЕ-ТО АД Скопје и Битар Холдинг Лимитед од Кипар (сопственик на ТЕ-ТО АД) склучена е спогодба за регулирање на права и обврски (со клаузула на извршност), а согласно Договор за дополнителна реструктуризација на задолженост од 08.04.2014 година, а врз основа на договор за дополнување на договор за дополнителна реструктуризација за задолженост од 05.02.2015 година.

Врз основа на така склучената спогодба извршена е Солемнизација на приватна исправа ОДУ бр.78/18 од 23.02.2018 година составена од Нотар Снежана Сарџовска од Скопје на износ од 17.925.829,00 евра. Исто така на 23.02.2018 година помеѓу ТЕ-ТО АД Скопје и Битар Холдинг Лимитед од Кипар (сопственик на ТЕ-ТО АД) склучени се уште две спогодби за регулирање на права и обврски, со клаузула на извршност, на 18.275.000,00 евра и на износ од 6.394.488,00 евра.

Врз основ на така склучените спогодби извршени се Солемнизации на приватна исправа составени од Нотар Снежана Сарџовска од Скопје со ОДУ бр.79/18 и ОДУ бр.85/18 од 23.02.2018 година. На тој начин склучени се спогодби со извршна клаузула во вкупна вредност од 42.595.277,47 евра.

Сите овие спогодби Претседателот на УО на ТЕ-ТО АД Скопје Вадим Михаилов ги склучил без овластување на надлежен орган односно со искористување на својата службена положба и овластување, постапил на начин што, спротивно на ЗТД склучил договори со извршна клаузула, а потоа и склучил Нотарски акти за регулирање на долг без одлука од надлежен орган на друштвото·иако знаел дека се работи за голема зделка и зделка со заинтересирана страна, односно дека ТЕ-ТО АД Скопје и Битар Холдинг Лимитед од Кипар се меѓусебно поврзани друштва.

Имено согласно **чл.361** од ЗТД-"Членот на органот на управување, односно надзорниот одбор е должен овластувањата што му се дадени со овој закон и со статутот да ги врши во интерес на сите акционери со внимание на уреден и совесен трговец и не може да ги пренесе своите овластувања на друг член на органот".

Согласно чл.455 од ЗТД - За голема зделка се смета зделка (вклучувајќи без ограничување, заем, кредит, залог, гаранција) или меѓусебно поврзани зделки, доколку таквата зделка, односно зделки се однесуваат на стекнување или отуѓување или на можно отуѓување, директно или индиректно на имотот на друштвото,чија што вредност изнесува над 20% од сметководствената вредност на имотот на друштвото, определена врз основа на последните финансиски извештаи на друштвото, со исклучок на зделки поврзани со стекнување преку запишување обични акции на друштвото и зделки поврзани со конвертибилни обврзници .... и

Чл.456 ст.2 од ЗТД – Одлука за одобрување на голема зделка, која што се однесува на имот чија што вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, се донесува со согласност на сите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор...и

Ст.7 – Голема зделка извршена спротивно на одредбите од овој член е ништовна.

Потоа Вадим Михаилов како претседател на УО постапил во спротивност и на ***чл.377 ст.1 – Членовите на управниот одбор го застапуваат друштвото во односите со трети лица, освен ако со статутот поинаку не е определено.***

Ст.5 – Претседателот на управниот одбор, <u>може, самостојно и независно да одлучува</u> за зделки без оглед дали се во вообичаениот тек на работење, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на договори со

трети лица и да го оптоварува (залог, хипотека, меница) **и задолжува друштвото до максимален износ од 30.000,00 евра.**

Но видено од **одлуката која е доставена во прилог со спогодбите** е дека истата е изготвена од Претседателот на УО Вадим Михаилов и истата е во спротивност со одредбите од ЗТД и Статутот на друштвото.

Вадим Михаилов постапил и во спротивност на одредбите од ЗТД за зделки со заинтересирана страна иако знаел дека ТЕ-ТО АД Скопје и Битар Холдинг Лимитед, се меѓу себе поврзани лица. Имено согласно **чл.349** "За секој договор или друга деловна активност на друштвото во кое што друштвото е странка и во кое што член на органот на управување, односно на надзорниот одбор има интерес, дури и на посреден начин, мора да се постапи според членовите 457, 459 и 460 од овој закон.

Член 457 – Секоја зделка (заем, кредит, залог и сл.) во која заинтересирана страна е член на органот на управување, односно на надзорен орган или управителот, вклучувајќи ги раководните лица или акционер на друштвото кое заедно со поврзаните лица поседуваат повеќе од 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на друштвото, се смета за зделка со заинтересирана страна ...,

Член 460 став 1 – Секоја зделка со заинтересирана страна е предмет на претходно одобрување на одборот на директори, односно надзорниот одбор или собранието, на начин и според постапката определена со овој член;

-ст.3 – Собранието ја одобрува зделката со заинтересирана страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас;

-ст.6 – Зделката со заинтересирана страна извршена спротивно на одредбите на овој оддел од овој закон е ништовна;

Второ пријавената Снежана Сарџовска – Нотар, како лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон, спротивно на чл.55 ст.3 во врска со чл.54 од законот за нотаријатот, извршила три Солемнизации и тоа ОДУ.бр.85/18 од 23.02.2018 година на Спогодба за регулирање на правата и обврски (со клаузула на извршност) од 23.02.2018 година помеѓу ТЕ_ТО АД Скопје и Битар Холдинг Лимитед за долг на Битар Холдинг Лимитед спрема ТЕ-ТО АД Скопје во износ од 6.394.448,19 евра, ОДУ.бр.79/18 од 23.02.2018 година на Спогодба за регулирање на правата и обврски (со клаузула на извршност) од 23.02.2018 година помеѓу ТЕ-ТО АД Скопје и Битар Холдинг Лимитед за долг на Битар Холдинг Лимитед спрема ТЕ-ТО АД Скопје во износ од 18.275.000,00 евра и ОДУ.бр.78/18 од 23.02.2018 година на Спогодба за регулирање на правата и обврски (со клаузула на извршност) од 23.02.2018 година помеѓу ТЕ-ТО АД Скопје и Битар Холдинг Лимитед за долг на Битар Холдинг Лимитед спрема ТЕ-ТО АД Скопје во износ од 17.925829,28 евра, при што сите Солемнизации доспеваат на ден 26.02.2018 година без да провери дали страните се овластени за склучување на приватните исправи, без да побара одлука од собрание на акционери согласно со член 457 и член 460 од ЗТД, односно без да побара согласност од оштетеното лице АД Топлификација АД Скопје.

Четвртопријавениот Васко Блажевски – Извршител (лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон) на 09.03.2018 година, ја злоупотребил својата службена положба и овластување, на начин што искористувајќи ја околноста да постапува по барање на заложен доверител, спровел присилно извршување врз основа на нотарски акт, врз недвижност која не е оптоварена со залог, односно спровел постапка И.бр.351/18 на основа која постапка е спроведена прибелешка на целиот недвижен имот на ТЕ-ТО АД Скопје И.бр.349/18 на основа која постапка е спроведен цел попис на подвижни предмети кај ТЕ-ТО АД Скопје и И.бр.353/18 на основа која постапка е блокирана сметката на ТЕ-ТО АД Скопје, при што согласно чл.27 од Законот за извршување сите трансакции што ќе се преземат во период од шест месеци пред донесување на извршна исправка се ништовни.

Додека пријавените Никола Арсовски како Адвокат спротивно на законот за Адвокатура за совесно чесно давање на адвокатски услуги и пријавениот Вадим Михаилов иако знаеле дека на основа на Пресуда на Основен суд Скопје 2 Скопје 5ТС-212/16 од 02.11.2016 година правосилна на 27.12.2017 година и

извршна на 02.04.2018 година ТЕ-ТО АД Скопје има обврска за исплата на приближно 11,4 милиони евра, на чија основа оштетеното лице Топлификација АД Скопје на ден 02.04.2018 година, поднесе Барање за извршување кај извршител Магдалена Симовска Давидовиќ, заведена под број И.бр.205/18 која донесе Налог за извршување И.бр.205/18 од 02.04.2018 година за блокирање на сметка на ТЕ-ТО АД Скопје.

Како што претходно истакнавме заради блокираната сметка Претседателот на УО на ТЕ-ТО АД Скопје првопријавениот Вадим Михаилов без овластување од надлежен орган поднел пријава за стечај до Основен суд Скопје.

Притоа согласно член 354 став 2 од Законот за трговски друштва, ако настапи околност која што со законот е определена како услов за отворање на стечајна постапка, органот на управување, најдоцна во рок од 21 ден од денот на настанувањето на условот за отворање стечајна постапка, свикува собрание на кое што ги известува акционерите за состојбата и за превземените мерки, како и за мерките што треба да бидат преземени и одобрени од акционерите на собранието, а во овој случај нема одлука од Собрание на акционери на ТЕ-ТО АД Скопје.

Основен суд Скопје 2 Скопје постапувајќи по предлогот поднесен од предлагачот должник Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје за отворање на стечајна постапка со поднесен предлог за план за реорганизација на ден 02.05.2018 година, вон рочиште донесе Решение 3 СТ-124/18, со кое се поведува претходна постапка за испитување на условите за отварање на стечајна постапка со поднесен план за реорганизација над должникот ТЕ-ТО АД Скопје, при што закажано е рочиште за одлучување за предлогот и гласање за планот за реорганизација на должникот на ден 05.06.2018 година.

Согласно член 172 од Законот за стечај, правните дејства преземени пред отворањето на стечајната постапка со кои се нарушува изедначеното намирување на доверителите (оштетувањето на доверителите), односно, со кои одделни доверители се ставаат во поповолна положба, стечајниот управник во име на стечајниот должник и стечајните доверители може да ги побива во согласност со одредбите на овој закон. Членовите на органот на управување солидарно одговараат на доверителите и на акционерите за предизвиканата штета ако постапиле спротивно горе кажаното.

Дека пријавениот Вадим Михаилов постапил во спротивност на ЗТД и на штета на акционерите – Доверители на ТЕ-ТО АД произлегува и од член 376 од Законот за трговски друштва, Управниот одбор на Друштвото ТЕ-ТО АД Скопје за настанатите суштествени организациони промени во друштвото мора да има претходно одобрение на надзорниот одбор, а при носењето на планот за реорганизација Управниот одбор на ТЕ-ТО АД Скопје нема одобрение од надзорниот одбор на друштвото.

По поднесениот предлог за стечај изготвен и е план за реорганизација на друштвото со кое се врши отпис на обврските на друштвото од околу 120.000.000,00 евра. Имено сите преземени дејствија се преземени во корист на доминантниот сопственик Битар Холдинг Лимитед, а на штета на Топлификација АД Скопје и како акционер и како доверител кој има правосилна и извршна пресуда.

Имено согласно член 501 став 1 од законот за трговски друштва, друштвото со мнозинско учество не може да го користи своето влијание за да го наведе зависното друштво да презема штетни правни работи или да преземе или да пропушти да преземе дејствие, освен ако друштвото со мнозинско учество се обврзе дека ќе му ја надмести штетата што му ја предизвикало на зависното друштво. Битар Холдингс Лимитед, како сопственик на ТЕ-ТО АД влијае врз друштвото и без согласност на органите на управување друштвото поднесува предлог за поведување стечајна постапка со поднесен план за реорганизација, при тоа директно нанесувајќи му штета на Топлификација АД.

Тоа што Битар Холдинг Лимитед го користи влијанието на ТЕ-ТО АД и се согласува да се отпишат каматите и 90% од главниот долг е далеку од нормалното работење на било кое друштво. ТЕ-ТО АД Скопје може да работи и да го измири долгот кон сите доверители само доколку неговиот основач нема за цел да го елиминира доверителот Топлификација АД Скопје нанесувајќи му штета и покрај пресуда на Врховен суд.

Согласно член 503 став 3 од ЗТД, ако друштвото со мнозинско учество наведе зависно друштво да превземе правна работа или дејствие, односно да пропушти да превземе таква работа или дејствие со што се предизвикало ненандоместлива штета на зависното друштво или го навело на дејствија, односно пропуштило да превземе дејствија заради што е исполнет еден од условите за стечај над зависното друштво, друштвото со мнозинско учество е солидарно одговорно за износот на побарувањата што не можат да се намират од зависното друштво во стечај.

Битар Холдинг Лимитед влијае врз ТЕ-ТО АД Скопје и одкако дознава за пресудата на Врховен суд дека Топлификација АД Скопје има побарување од ТЕ-ТО АД во износ од околу 11,4 милиони евра, како сопственик го принудува ТЕ-ТО АД без одлука на органите на управување, спротивно на одредбите од Законот за трговски друштва, да потпишат спогодби, да направат солемнизации на приватна исправа со кои побарувањата на сопственикот доспеваат предвремено, при што го доведува ТЕ-ТО АД до ситуација на отварање стечајна постапка.

Покрај другото Битар Холдингс Лимитед, дава согласност како доверител во втора група заедно со Топлификација АД Скопје, да отпише камати и 90% од главниот долг. Одлуката за ваквиот став потпишана е од Михаил Камперис, ТОРЕУС ДИРЕКТОРИ без било каква согласност од неговиот сопственик ТГК-2.

Доколку Битар Холдингс Лимитед нема согласност за огромниот износ кој треба да го отпише, а судот му го овозможил тоа, можно е да настане ситуација ТГК-2 да бара обештетување од Република Македонија заради незаконито постапување на судовите и овозможувајќи му на поединци да ги реализираат своите штетни дејствија.

На ваков начин, пријавените со злоупотреба на службената положба ги пречекориле овластувањата кои ги имале и ја искористиле околноста, а што се овластени да постапуваат во дадена ситуација, со што овозможиле остварување на имотна корист за друг, доминантиот акционер Битар Холдингс Лимитед од Кипар, истовремено нанесувајќи значителна штета на останатите акционери на ТЕ-ТО АД Скопје како и на доверителите, Топлификација АД Скопје во вкупен износ од **53,096,277,47** Евра со што го сториле кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување санкционирано во чл.353 ст1 вв ст.4 и ст3 од КЗ на РМ и Оштетување и повластување на доверители по чл. 257 од КЗ на РМ.

Поради кое се предлага:

По спроведената истрага Основното јавно обвинителство Скопје да подигне Обвинителен акт до Основен суд Скопје 1 Скопје против пријавените за сторено кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување и Оштетување и повластување на доверители по член 353 ст.3 во врска со став 1 и чл. 257 од КЗ

Кривичната пријава се темели на следнава Листа докази, кои се доставуваат во прилог на истата:

1. Пресуда 5ТС-212/16 од 02,11,2016 на Основен Суд Скопје 2 Скопје
2. Пресуда ТСЖ.бр.133/17 од 22.05.2017 на Апелациониот Суд Скопје
3. Пресуда Рев1 бр. 197/2017 од 27.12.2017 година на Врховниот Суд на Р.Македонија
4. Барање за извршување од Топлификација АД Скопје И.бр.205/18 од 02.04.2018 год. до Извршител Магдалена Симовска Давидовиќ Скопје
5. Налог за извршување И.бр.205/18 од 02.04.2018 година
6. Акционерска книга на ден 12.02.2018 год. на ТЕ-ТО АД Скопје
7. Уверение Битар Холдинг Лимитед од 17.07.2014 год.
8. Потврда за регистриран агент за ПРОЦЕКТ МЕНАЏМЕНТ КОНСАЛТИНГ ЛТД од 03.02.2014год.

9. Список на поврзани лица од 31.03.2018год.
10. Солемнизација – Потврда на приватна исправа ОДУ.бр.85/18 од 23.02.2018 на Нотар Снежана Сарџовска со придружни документи
11. Солемнизација – Потврда на приватна исправа ОДУ.бр.79/18 од 23.02.2018 на Нотар Снежана Сарџовска со придружни документи
12. Солемнизација – Потврда на приватна исправа ОДУ.бр.78/18 од 23.02.2018 на Нотар Снежана Сарџовска со придружни документи
13. Посебни финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2016 год. со извештај на независниот ревизор ТЕ-ТО АД Скопје
14. Барање за извршување И.бр.349/18
15. Барање за извршување И.бр.351/18
16. Барање за извршување И.бр.353/18
17. Налог за извршување И.бр.349/18
18. Налог за извршување И.бр.351/18
19. Налог за извршување И.бр.353/18
20. Решение за определување на мерки на обезбедување на Основен суд Скопје 2 Скопје 3СТ-124/18 од 26.04.2018год.
21. Решение за поведување претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка со поднесен план за реорганизација
22. Тековна состојба на Топлификација АД Скопје
23. Тековна состојба на ТЕ-ТО АД Скопје
24. План за Реорганизација на ТЕ-ТО АД Скопје

Се предлага ОЈО Скопје да ги испита осомничените и сослуша оштетениот. Оштетениот бара од Основно јавно обвинителство Скопје да бидат известен за обвинителската одлука по оваа кривична пријава за да може во текот на постапката да го истакне и процесира своето оштетено побарување.

## ПОСЕБЕН ПРЕДЛОГ

Оштетениот смета дека согласно наводите и доказите кон оваа Кривична пријава постои основано сомневање дека осомничените ги сториле кривичните дела што им се ставаат на товар и поради тоа према осомничените ќе биде покрената кривична постапка пред надлежиот суд.

Во постапката оштетениот во смисла на член 110 од ЗКП ќе истакне имотно правно побарување во износ од 11,4 милиони евра.

Во истата постапка оштетениот во смисла на член 116 од ЗКП ќе истакне имотно правно барање и тоа целосно поништување на Солемнизација – Потврда на приватна исправа ОДУ.бр.85/18 од 23.02.2018 на нотар Снежана Сарџовска на Спогодба за регулирање на права и обврски (со клаузула на извршност) од 23.02.2018 год. помеѓу ТЕ-ТО АД Скопје и Битар Холдинг Лимитед за долг на ТЕ ТО АД Скопје спрема Битар Холдинг Лимитед во износ од 6.394.448,19 евра. Солемнизација - Потврда на приватна исправа ОДУ.бр.79/18 од 23.02.2018 год. на нотар Снежана Сарџовска од 23.02.2018 год. на Спогодба за регулирање на права и обврски (со клаузула на извршност) од 23.02.2018 год. помеѓу ТЕ-ТО АД Скопје и Битар Холдинг Лимитед за долг на ТЕ-ТО АД Скопје спрема Битар Холдинг Лимитед во износ од 18.275.000,00 евра и Солемнизација – Потврда на приватна исправа помеѓу ТЕ-ТО АД Скопје и Битар Холдинг Лимитед за долг на ТЕ-ТО АД Скопје спрема Битар Холдинг Лимитед во износ од 17.925.829,28 евра. Имајќи ги во предвид видот на кривичните дела што на осомничените им се ставаат на товар дека ги извршиле и начинот на кој

што ги извршиле кривичните дела очигледна е опасноста дека без издавање на привремени мерки за обезбедување на паричните побарувања на оштетениот осомничените, ќе ја осуетат или отежнат наплатата на побарувањата на оштетениот на начин што својот имот, односно своите средства ќе ги отуѓат, прикријат или на друг начин ќе располагаат со нив.

На ден 24.02.2018 година (податок од образложението на Решението за определување мерки за обезбедување 3 СТ-124/18, донесено од Основен суд Скопје 2 Скопје на ден 26.04.2018 година) Друштвото за производство на елекртрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, како предлагач до основниот Суд Скопје 2 Скопје поднел предлог за отварање на стечајна постапка над должникот Друштвото за производство на елекртрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје поради спроведување на постапка за реорганизација со поднесен план согласно член 215 став 2 и член 215-а од Законот за стечај.

Во прилозите кон планот за реорганизација, подносителот приложил Одлука за изработка и поднесување на план за реорганизација во претходна стечајна постапка на Друштвото ТЕ-ТО АД Скопје.

Изготвениот план за кој бил задолжен Претседателот на Управниот Одбор на друштвото да ги преземе сите дејствија неопходни да се изработи и да се поднесе планот за реорганизација, не е усвоен од управниот одбор на друштвото иако согласно член 30, член 31 и член 32 од Статутот на друштвото неопходно е да има одлука за усвојување на Планот за реорганизација.

Согласно член 32 од Статутот на друштвото, управниот одбор не можел да одлучува за усвјување на Планот за реорганизација без претходно одобрение на надзорниот одбор на друштвото.

Согласно член 31 од Статутот на друштвото, претседателот на управниот одбор може самостојно и независно да одлучува за зделки од вообичаениот тек на работењето на друштвото или за договори со трети лица до максимален износ од 30.000 ЕВРА, па од тука јасно се гледа дека претседателот на управниот одбор доколу има одлука на управен одбор бил задолжен за изработка на планот, не смеел и немал овластување сам да одлучи за крајната содржина на планот, предлагајќи да се ивршени целосен отпис на каматите кои изнесуваат 613,3 милиони денари и 90% од главниот долг на доверителите, односно отпис уште на 8.660 милион денари, многу повеќе од она за кое тој може да одлучува во секојдневното работење.

Согласно член 11 од Статутот на друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, одлука за престанок на друштвото (а стечајот несомнено е една од формите на престанок на друштвото) носи Акционерското собрание, што значи дека за предлогот за отворање на стечај и планот за реорганизација задолжително е потребно да има одлука од Собранието на акционери на друштвото.

Топлификација АД Скопје, која е акционер во Друштвото за производство на елекртрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје која поседува 27 акции, односно 10,8% од вкупниот број акции не учествувала, ниту била известена за одржување на собрание на акционери на која било донесена одлука за поведување стечајна постапка над Друштвото за производство на елекртрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје.

Одлучувањето по ова прашање на било кој друг орган би било спротивно со член 383 став 1 точка 10 од Законот за трговски друштва, а евентуално донесена одлука од друг ненадлежен орган, би била ништовна. Во тој контекст констатација во воведот на Планот за реорганизација, а имено дека "имајќи во предвид дека компанијата Битар Холдингс Лимитед е 100% сопственик на компанијата Проџект Менагмент Консалтинг, произлегува дека компанијата Битар Холдингс Лимитед во моментот дирекно или индирекно поседува и управува со 89,2% од акциите на ТЕ-ТО АД" недвосмислено упатува на сомнежот дека Битар Холдингс Лимитед без постоење на формална одлука од сопственикот на мнозинскиот акционер на ТЕ-ТО АД, а тоа е ТГК-2, спротивно на закон носел одлуки.

Во таа смисла основано се поставува прашањето дали планот за реорганизација, како и предлогот за поведување на стечајна пстапка е поднесен од овластен предлагач.

Покрај другото, за планот за реорганизација Битер Холдинг Лимитед дава согласност како доверител во втора класа заедно со Топлификација АД да отпише камати и 90% од главниот долг. Изјавата

за ваквиот став потпишана е од Михаил Камперис, ТОРЕУС ДИРЕКТОРИ, без било каква друга одлука на друштвото или негово овластување за давање ваква изјава, ниту пак согласност од неговиот краен сопственик ПАО ТГК-2 (http://www.tgc-2.ru/about/structure/)

Имено одлуката за ваквиот став попишана од Михаил Камперис, ТОРЕУС ДИРЕКТОРИ, без било каква согласност од неговиот сопственик ТГК-2 е ништовна. Доколку Битар Холдингс Лимитед нема согласност за огромниот износ кој треба да го отпише, а судот му го овозможил тоа, можно е ТГК-2 да бара оштетување од Република Македонија заради незаконито постапување на судивите овозможувајќи им на поединци да ги реализираат своите штетни дејствија.

Поради тоа оштетениот му предлага на Основното јавно обвинителство Скопје во покренувањето на постапката пред надлежен суд да му предложи на судија на претходна постапка, согласно чл.118 од ЗКП да определи привремени мерки за обезбедување на имотноправното побарување на оштетениот според правилата на Законот за обзбедување на побарување и/или согласно чл.202 од ЗКП да определи мерки за привремени одземање на имот.

Со почит,
За оштетено лице:

Топлификација АД Скопје
Преку Претседател на управен одбор
Димитар Хаџи-Мишев